# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ „СОВЕТ НА ОПШТИНА“ Бр. 0801-235 08.04.2026 год. СВЕТИ НИКОЛЕ

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 08.04. 2026 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 6 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Свети Николе за време на одржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програмибр. 0801 – 226 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.05/02„ и„Службен весник на РСМ бр.202/24,), член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ бр.64/04.......71/16„) и член 8 точка 41 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр.03/2021), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Свети Николе за време на одржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми**

**Член 1**

Во **Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Свети Николе за време на одржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми** бр. 0801-168 од 27.02.2026 година членот 1, се менува и гласи

- За време на одржувањето на меѓународниот фестивал "Тодорова сабота"работното време се продолжува за еден час час во траење од еден ден;
- За време на одржување на културната манифестација" Бела ноќ Свети Николе" работното време се продолжува за два часа во траење од еден ден;
- За време чествување на Велигден работното време се продолжува за два часа во траење од еден ден.
-

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801 - 226**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за прифаќање Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Лозово во областа на инспекциски надзор и тоа: комунален инспектор,сообраќаен инспектор и инспектор за животна средина бр. 0801 – 227 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/2**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 7 став 1 и член 9 став 2 точка 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија, бр. 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за прифакање Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Лозово во областа на инспекциски надзор и тоа: комунален инспектор,сообракаен инспектор и инспектор за животна средина**

**Член 1**

Се прифака Одлуката за отпочнување на постапка за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Лозово во областа на инспекцискиот надзор и тоа: комунален инспектор,сообракаен инспектор и инспектор за животна средина,врз основа на дадено мислење на Градоначалникот на Општина Свети Николе бр.0903-67/7-2 од 27.03.2026 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801- 227**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за Згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци бр. 0801 – 228 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/3**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„ бр.05/02 и "Службен Весник на РСМ"бр.202/24),а во врска со Одлуката за измена на Одлуката за избор на модел на управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миланици и ветеринарно здравство,негово идно работење и начинот на финансирање со арх.бр.02-148/7 од донесена од Совет за развој на Вардарски плански регион на седница одржана на ден 24.12.2025 година, член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка(Сл.Весник на Р.М бр.79/09), член 4 од Законот за Вереринарно здравство (Сл.Весник бр. 67/10, 157/10, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник" на Р.М бр 38/96,.........35/19, и „Сл.Весник на РСМ" бр.„275/19,.... 193/25) Член 8 од Статутот на Општина Свети Николе („Сл.Гласник на Општина Свети Николе„ бр 3/21) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04.2026 година,донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за Згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци**

**член 1**

Во Одлуката за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство, Стационар-Шепа Кавадарци со арх.бр. 0801-604 од 06.12.2023 година(„Сл.Гласник на Општина Свети Николе бр.17/2023), се врши следната измена и дополнување:

Член 8 став 1 алинеја 2 се менува и гласи:

„ Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секој 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители,односно врз основа на Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство бр. 02-148/7 од 24.12.2024 година,донесена од страна на Совет за развој на вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат;„

„Ø Општина Велес – 4.846.300,ооденари

Ø Општина Кавадарци – 3.573.300,оо денари

Ø Општина Неготино – 1.819.400,оо денари

Ø Општина Свети Николе – 1.532.000,оо денари

Ø  Општина Демир Капија – 377.700,оо денари

Ø Општина Чашка – 794.200,оо денари

Ø Општина  Градско – 323.300,оо денари

Ø Општина Лозово – 226.400,оо денари

Ø Општина Росоман – 379.600,оо денари„.

Одлуката во останатиот дел останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе" .

**Бр.0801- 228**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво за Општина Свети Николе бр. 0801 – 229 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/4**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), како и член 181 од Законот за правда за децата („Службен весник на РСМ“ бр.66/24 И 55/25), а во врска со Одлука за именување членови на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво за Општина Свети Николе бр.0801-746 од 23.05.2024 година, на Предлог на Градоначалникот бр.0903-157/3 од 02.04.2026 година, Советот на Општина Свети Николе на седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Одлука за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво за Општина Свети Николе

### Член 1

Со оваа Одлука за изменување и дополнување на Одлука за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво за Општина Свети Николе во член 1 наместо именуваната Снежана Мицевска – Претставник од Советот на родители при ООУ „Свети Кирил и Методиј“ се именува Соња Младеновска – Преставник од Советот на родители при ООУ „Свети Кирил и Методиј“ и наместо именуваната Нина Бојановска – Преставник од Унија на средношколци при СОУ „Кочо Рацин“ се именува Теа Димкова – Преставник од Унија на средношколци при СОУ „Кочо Рацин“.

### Член 2

По член 1 се додава нов член 2 кој гласи:

### “Член 2

За Заменици на членовите на Општинскиот Совет за превенција за детско престапништво за Општина Свети Николе се именуваат

- Љупка Паневска – Општина Свети Николе
- Ивица Арсов – Општина Свети Николе
- Никола Митев – Основно јавно обвинителство Свети Николе
- Јовче Павлески – Полициска станица од ОН Свети Николе
- Росана Христова Костадинова – Адвокатска комора на РСМ
- Александра Атанасовска – Преставник од Советот на родители при ООУ „Свети Кирил и Методиј“
- Верка Давчева - Преставник од Советот на родители при ООУ „Гоце Делчев“
- Марија Манасова Коцева – Претставник од Советот на родители при ООУ „Кочо Рацин“
- Давид Младенов – Преставник од Унија на средношколци при СОУ „Кочо Рацин“
- Љубица Донева - Преставник од Советот на родители при ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија
- Наташа Ѓорчев – ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе
- Драган Дечков – Медиум ТРД ТВ Свет”

### Член 3

Членовите 2, 3 и 4 стануваат член 3, 4 и 5.

### Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето на „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

Бр. 0801- 229
08.04.2026 година
Свети Николе

Претседател
на Советот на Општина Свети Николе

Оливера Арсов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Свети Николе за 2026 година бр. 0801 – 230 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/5**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупава ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 12 став 1 точка 4 и став 2, член 14 став 2 и 3 и член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04.2026 година, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА
## за дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Свети Николе за 2026 година

### 1. ВОВЕД

Програмата на Општина Свети Николе за дезинсекција и дератизација е насочена кон спречување и уништување на организми кои пренесуваат заразни болести, причинители за алергиски реакции и токсично делување кои се штетни по здравјети на човекот и неговаа околина.

Со Програмата се уредуваат условите, обемот и динамиката и начинот на превземање на мерки и заштита на населението од заразни болести и финансиски средства за вршење на работите.

### 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Свети Николе, да организира и следи општи мерки за заштита од заразни болести преку дезинсекција и дератизација.

Дезинсекција е склоп на превентивни мерки кои се применуваат со цел да се намали популацијата на штетни инсекти.

Дератизација е склоп на методи и средства насочени кон уништување на ситни глодари кои се преносители на заразни болести и предизвикувачи на значајни економски штети. Дератизација се спроведува во населените места, здравствени и образовн институции, продажни и угостителски објекти, месни заедници итн.

3. АКТИВНОСТИ

| **Мерки и активности** | **Место (локација)** | **Надлежна институција** | **Планирани средства** | **Временски период на активност** |
|---|---|---|---|---|
| Дезинсекција | Свети Николе | Општина Свети Николе | 600.000,00 денари | - Ларвина дезинсекција (април-мај)<br>- Алутицидна дезинсекција<br>( јуни, јули и август) |
| Деритизација | диви депонии<br>јавни површини (парк, плоштад)<br>канализациона мрежа | | | Пролетна дератизација (април-мај)<br>Есенска дератизација (октомври-ноември) |

## 4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТ

Спроведувањето на оваа Прграма општина Свети Николе ќе ја реализира во соработка со ЈКП Комуналец-Свети Николе, како и во соработка со Центар за јавно здравје-Велес.

За реализирање на активноста за превентивна дезинсекција предвидена со Програмата, општина Свети Николе ќе спроведе јавна набавка за избор на правни лица кои ќе ја спроведат превентивната дезинсекција и дератизација. При реализација на дератизавија ЈКП Комуналец ќе изврши евидентирање на површините за третирање, точките во канализациониот систем каде ќе се врши дератизација, отстранување на дивите депонии од јавните површини пред почеток на процесот на дератизација. За текот на спроведување на активностите, како и за датумите кои ќе се предвидат за спроведување на превентивна дезинсекција и деритизација, населението на општина Свети Николе ќе биде известетно преку веб страната на општина Свети Николе (www.svetinikole.gov.mk), како и преку локалните медиуми (Тв и радио станици).

## 5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:

- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;
- Унапредување на здравјето на граѓаните на општина Свети Николе и заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите.

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ

Активноста за вршење на превентивната дезинсекција и дератизација со оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на општина Свети Николе Програма Е0  конто 424 230.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Свети Николе".

**Бр.0801-230**<br>**08.04. 2026 година**<br>**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**<br>**Претседател,**<br>**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за јавни работи за 2026 година бр. 0801 – 231 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/6**<br>**08.04. 2026 година**<br>**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**<br>**Градоначалник,**<br>**Дејан Владев с.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) член 8 став 1 точка 8 и 14 од Статутот на општина Свети Николе „Службен гласник на општина Свети Николе" бр.03/2021) како и врз основа на член 7, став 1 од Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 31/16, 64/18 и „Сл.Весник на РСМ бр.302/2020), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04.2026 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Јавни работи во 2026 година**

**Рамка на програмата**

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес. Основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфратсруктура се уредуваат со Законот за комунални дејности.

Според членот 7 став 1 и 2 од Законот за комунални дејности :

„Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми. Развојните планови за вршење на комунални дејности се донесуваат во период од три години од страна на Советот на Општината".

Горенаведениот закон вклучува одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината и јавните комунални претпријатија основани од Општината, како даватели на комунални услуги. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат. Напорите на Општина Свети Николе во 2026 година ќе бидат насочени кон донесување на сите потребни акти и програми со цел ефикасно извршување на комуналните услуги согласно овој закон преку примена и на дополнителни и нови практични пристапи

со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

**Развојни приоритети**

Согласно Законот за локална самоуправа една од клучните надлежности на општините е планирањето на локалниот економски развој, водење на локална економска политика, потоа поддржување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, како и промовирање и воспоставување на партнерства. Во оваа насока, Советот на Општина Свети Николе усвои Стратегија за локален развој на општината во кој еден од Главните приоритетеи е Намалување на невработеноста и насочени вработувања во Општина Свети Николе невработеноста изнесува 729 лица според официјалните податоци од Центарот за вработување (**Извор**: www.av.gov.mk/ Преглед со состојба 31.01.2026 г.).

Од извршената Анализа на пазарот на трудот на Општина Свети Николе меѓу другото констатирано е дека:

- Огромно е учеството на невработените со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани) – 40 % од вкупниот број на невработени.
- Голем е бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година – 55 %.
- Голем е бројот на невработени лица на возраст над 55 години – 38 % од вкупниот број на невработени.

За да се стимулира вработувањето на овие најзагрозени категории на невработени лица се предвидува нивно ангажирање во организирани работни активности во рамките на програма за Јавни работи од областа: Одржување и обновување на јавната инфраструктура и Одржување и заштита на животната средина.

За извршување на оваа надлежност во општина Свети Николе одговорно е ЈКП „Комуналец“ и Општина Свети Николе преку Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални работи и туѓување на градежно земјиште односно Одделението за Комунални работи

Со цел да се даде поддршка на работата на јавните претпријатија и општината за ефикасно спроведување на надлежноста од областа на заштита на животната средина и природа, уредување на просторот и градежното земјиште и комуналните дејности (одржување на јавна чистота) потребно е превземање на организирани акции со поддршка на општината и ЈКП, во кои ќе се ангажираат дополнителни човечки ресурси со моментален статус на невработени лица.

Во општина Свети Николе има голем број на слободна работна сила која може да биде ангажирана во работни активности кои не бараат стручност и формално образование, а се во рамките на програмските активности на јавните претпријатија и Општина Свети Николе. При спроведување на организираните акции, предност ќе се даде на вработување на долгорочно невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година (55% од вкупниот број на невработени) која е најбројна во општината, на неквалификуваната работна сила со ниско ниво на образование (40% од вкупниот број на невработени) и на невработените лица на возраст над 55 години (38 % вкупниот број на невработени).

**Цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес кон:

- Намалување на стапката на невработеност, привремено намалување на сиромаштијата и економско-социјалните тензии преку ангажирање на 8 невработени лица за период од 4 месеци, со акцент на долгорочно невработени неквалификувани и полуквалификувани лица,
- Обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина.

**Програмски активности**

Во рамките на програмата за Јавни работи, Општина Свети Николе во парнерство со ЈКП Комуналец, за период од 4 месеци ќе ангажира 8 невработени лица со акцент на долгорочно

неработени лица, неквалификувани и полуквалификувани. Со проектот ќе се спроведат работни активности од областа на заштита на животната средина за чистење и одржување на критичните точки од аспект на загадувањето (градски паркови, детски игралишта, излетнички места, гробишта, просторот на индустриската зона, дивите депонии во и околу градот), и од областа на обновување и одржување на јавната инфраструктура т.е уредување и санација на уличната инфраструктура во градот Свети Николе.

Програмата предвидува извршување на следните групи на активности по одредена временска динамика:

(Динамичкиот план за извршување на активностите е во прилог):

**1 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Чистење, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема (клупи, летниковци и корпи за отпадоци) во градските паркови, детските игралишта и други јавни површини;

**2 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Санација на тротоарните површини, хортикултурно уредување и расчистување на центарот на градот Свети Николе;

**3/ активност Мај, Јуни, Јули, Август::**
Чистење и уредување на излетничко место Ѓуриште, пешачката патека до Била Зора и езеро Мавровица;

**4 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Расчистување на дивите депонии во и околу градот вклучувајќи ја индустриската зона и порамнување на цврстиот отпад во градежната депонија;

**5 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Чистење на одводен канал во градски гробишта, како и расчистување на речни корита;

**6 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Санација на пристапни пешачки патеки, хортикултурно уредување и расчистување на јавните гробишта.

**Финансирање**

Со Програмата е предвидено да се ангажираат 8 лица на кои ќе им се исплаќа надоместок во износ од 31.000 денари – бруто износ.

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 1.000.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2026 година.

Средствата во износ од 1.000.000 денари се од буџетот на Општина Свети Николе и ќе бидат наменети за плаќање на надоместок за извршените јавни работи на 8 ангажирани лица за период од 4 месеци. И истите ке бидат работно ангажирани од страна на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе.

**Распоредување на буџетските средства**

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801-231** **Совет на Општина Свети Николе**

**08.04. 2026 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Дамен Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе бр. 0801 – 232 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/7** **Општина Свети Николе**
**08.04. 2026 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002„и Службен весник на РСМ„ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Даме Груев „с. Ерџелија – Свети Николе**

1.Советот на Општина Свети Николе усвои Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04.2026 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 -232** **Претседател,**
**08. 04. 2026 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош бр. 0801 – 233 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.04. 2026 година.

**Бр. 0901- 234/8**
**08.04. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**Член 1**

Од Буџетот на Општина Свети Николе ,Програма А0 413110 (тековна резерва) да се исплати парична помош во износ од **30.000 денари.**

**Член 2**

Паричната помош за понатамошна терапија - лекување да се исплати на **Васко Ефремов** од Свети Николе со адреса на живеење ул.Кумановска бр. 48А како еднократна парична помош за лица со попреченост.

**Член 3**

Барањето со приложената документација е составен дел на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**Бр. 0801- 233**
**08.04.2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Содржина

1.Одлука за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Свети Николе за време на одржување на туристички, културни и друг вид манифестации содржани во годишните програми;

2.Одлука за прифаќање Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Лозово во областа на инспекциски надзор и тоа: комунален инспектор,сообраќаен инспектор и инспектор за животна средина;

3. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за Згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци;

4.Одлука за измена и дополнување на членови во општинскиот совет за превенција на детско претстапништво за Општина Свети Николе;

5.Програма за дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Свети Николе за 2026 година;

6.Програма за јавни работи за 2026 година;

7. Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ ,,Дамен Груев,, с. Ерџелија – Свети Николе;

8.Одлука за финансиска помош на лицето В.Е.

Бр.0801- 235
08. 04. 2026 година
Свети Николе